Согласно чл.27 став 3 од Законот за финансирање на ЕЛС, Советот задолжително ги утврдува роковите за планирање на општинскиот буџет кои се регулираат со

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**

1.Советот на Општината го донесува **буџетскиот календар** во месец **Декември-јануари**

2.Министерот за финансии изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** во месец **МАРТ.**

3.Советот на општината ја донесува или разгледува **фискалната стратегија** на општината во месец **МАРТ или АПРИЛ.**

4.Градоначалникот на општината ги утврдува главните **насоки за подготвување на финансиските планови на општинските буџетски корисници**, во месец **МАЈ.**

5.Градоначалникот на општината ги доставува до **општинските буџетски корисници главните насоки за изготвување на финансисиките планови**, во месец **МАЈ.**

6.Општинските буџетски корисници ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки - финансиски планови, со образложение за висината на износите во** месец **ЈУНИ-ЈУЛИ.**

7.Финансискиот оддел на општинската администрација ги **анализира барањата** на општинските буџетски корисници и го **известува** Градоначалникот за **основните параметри** (зголемени или намалени барања) во месец **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ.**

8.Министерот за финансии го доставува до општината **буџетскиот циркулар најдоцна до крајот на месец СЕПТЕМВРИ.**

9.Финансискиот Оддел на општинската администрација заедно со Градоначалникот на општината го **подготвуваат предлог-буџетот на општината** во месец **ОКТОМВРИ-НОЕМВРИ.**

10.Градоначалникот на општината **го доставува до Советот на општината предлог буџетот на општината** во месец **НОЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ.**
**-Се објавува содржината на нацрт буџетот и се дава на достапност на јавноста**
**-се одржуваат јавни расправи**

11.Советот на општината **го донесува буџетот** на општината за наредната година најдоцна **до крајот на месец ДЕКЕМВРИ.**

Бр.09-2317/1
27.12.2018 година
Делчево

Совет на општина
Претседател,
Драган Маневски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТ. ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО